Врз основа на член 65, став (6), од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 89/22, 171/22 и 3/25), Министерство за транспорт, на ден ______2025 година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани-градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ерџелија-вон град и КО Ерџелија, Општина Свети Николе, што се усвојува од страна на Владата на Република макеоднија, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани-градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ерџелија-вон град и КО Ерџелија, Општина Свети Николе се определуваат следните: општина Свети Николе, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини, Агенција за планирање на просторот, регионални и локални невладини организации, локални бизнис заедници и стопански комори, ЕВН, и др.

3. За планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани-градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ерџелија-вон град и КО Ерџелија, Општина Свети Николе, за чија изработка е одговорно „ТИМ Проект“, дооел Скопје, а го донесува Министерство за транспорт, донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани-градби за производство на електрична енергија од обновливи извори со моќност над 10MW, КО Ерџелија-вон град и КО Ерџелија, Општина Свети Николе ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: влијание врз подземните и површинските води, влијание врз почвата, влијание по однос на генерирање на комунален и градежен отпад, влијание врз амбиентниот воздух, влијание врз биодиверзитетот и влијание од несреќи и хаварии.

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт на следната веб адреса/и: www.mtc.gov.mk

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 67-6068/6
Датум: 31.10..2025
Место: Скопје

**МИНИСТЕР**
**АЛЕКСАНДАР НИКОЛОСКИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
СКОПЈЕ